<u>**Образец бр.1**</u>

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | **Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование** |
| Министерство: | **Министерство за образование и наука** |
| Лице за контакт/одговорно лице: | **Министер, Никола Тодоров** |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | **јануари 2010** |
| Поврзаност со ЕУ директиви | **Нема** |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

**При изготвување на овој Предлог - Закон, се тргна од потребата за целосно и посеопфатно остварување на целите во Законот за средното образование, заради натамошно развивање и подобрување на системот на средното образование со применување на европските стандарди и критериуми, што ќе овозможи поголем развој на воспитната компонента во реализацијата на средното образование, а со тоа и зголемување на квалитетот на средното образование.**

.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

**Со започнувањето на примената на Законот за средното образование во практиката се покажаа дека има потреба да се дорегулира задолжителноста на реализацијата на дополнителната и додатната настава за учениците. Дополнителната настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а додатната настава за учениците**

**кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (за талентираните ученици). Ова е заради постигнување на поголем успех на учениците и подобрување на квалитетот на наставата.**

**Исто така, со цел да се зголеми успехот на учениците, како и да се надминат одредени ситуации кога родителите не се запознаени со успехот на нивното дете, или од одредени причини не покажуваат доволно грижа за напредокот во учењето на нивните деца-ученици, истите ќе се упатувааат на советување. Советувањето на родителот односно старателот ќе го врши психологот во училиштето согласно Програмата за советување на родители, која на предлог на Педагошката служба ја донесува министерот за образование и наука.**

**Со оглед дека главни носители на воспитно-образовната дејност во средните училишта се наставниците, со овие измени и дополнувања на Законот за средното образование во неколку сегменти се зголемува квалитетот и капацитетите на наставниците при реализацијата на наставата и воннаставните активности. За оние лица кое се стекнале со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, ќе може да се вработат во средно образование само доколку се стекнат со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи. Акредитација на високообразовни установи кои ќе вршат настава и полагање на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка ќе ја врши министерот за образование и наука.**

**Во истата насока, се предвидува наставникот по завршувањето на студиите да полага државен испит кој ќе е услов за вработување во средно училиште. Испитот ќе се полага заради проверка на стручната оспособеност на дипломираните наставници за самостојна работа во средните училишта, како и за примена на прописите од областа на образованието. Испитот ќе се состои од писмен и устен дел. Испитот се полага пред Испитна комисија составена од претседател и шест члена или нивни заменици, кои се именуваат од редовите на истакнати стручњаци од практиката и од универзитетски професори, согласно со принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници.**

**Како трет сегмент за зајакнување на квалитетот на наставниот кадар во средните училишта, на наставникот приправник по истекот на приправничкиот стаж, како составен дел од стручниот (приправнички) испит ќе му се врши проценка на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста). Тестот на личноста ќе го подготвува и ќе спроведува Педагошката служба. Исто така и за наставникот кој покажува незадоволителни резултати во работата, или постои оправдано сомневање за неговата психичка здравствена ќе му се врши проценка на карактеристиките за подобност со работата со деца и адолесценти во воспитно-образовната дејност (тест на личноста).**

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

**Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, општините и Градот Скопје, Секретаријатот за законодавство и Министерството за правда.**

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   **Постоечкиот Закон за средното образование.**

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

   /

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   **Иницијално е потребна анализа на постоечкиот Закон за средното образование за да се утврдат неговите слабости во делот на регулирањето на воспитната компонента во образовниот процес.**

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

**Во работната група формирана од министерот за образование и наука учествуваа претставници од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат, како и надворешни стручни лица.**

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

   **Активностите за проценка на влијанието на регулативата се започнати од ноември 2010 години, кога се формира и работна група задолжена за изготвување на Предлог законот.**

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

   **не се планирани ангажирања на надворешни експерти**

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

   **декември, 2010**

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

**Самиот Предлог - Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование не предизвикува фискални импликации.**